РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-265/6
15 01 2013 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2013 ГОДИНА

**СКОПЈЕ,**

**Јануари, 2013 година**

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија ("Службен Весник на Р.Македонија бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09, 97/10 и 06/12),и член 20 од Статутот на Јавното Претпријатие за државни патишта, Управниот одбор ја донесе Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2013 година:

# I.
# ВОВЕД

## I.1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на Република Македонија бр.1 од 02.01.2013 година.

Претпријатието кое е запишано во Централен регистар на Република Македонија со број ЕМБС 6839673, е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Шифра на дејност на претпријатието е 64.99 - други финансиско – услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место.

Според тоа, ЈП за државни патишта останува двигател на патната инфраструктура во Македонија, како што беше досега Агенцијата за државни патишта. Без оглед дали се инвестира во изградба на нови патишта или се одржуваат старите, ЈП за државни патишта извршува економска процена за компромис меѓу алтернативни опции за инвестирање користејќи ги сите расположливи податоци за донесување на економски оправдани одлуки.

Од оваа гледна точка, ЈП за државни патишта треба да донесува одлуки во однос на:

- **стратешката ефикасност,** како капацитет за постигнување на целите поставени од Владата на Р.Македонија;

- **Оперативната ефикасност,** како можност за постигнување на најповолен сооднос помеѓу постигнатите резултати и планираните средства.

Планирањето е клучно прашање при информирањето за одлуките за таквите начела, особено имајќи предвид дека ЈП за државни патишта треба да постигне амбициозни цели со ограничени средства.

II.

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2013 ГОДИНА

Планираните приходи за 2013 година ги опфаќаат со Закон пропишаните извори на финансирање за вршење на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од деривати од нафта

2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);

3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);

4) надоместок за :

а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

д) прекумерно користење на пат,

ѓ) вонредниот превоз и

е) штета сторена на патот и објектите на патот;

5) средства од Буџетот на Република Македонија

6) заеми и кредити и

7) други приходи

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со одлука на Владата на Република Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта .

Средствата се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку 4 пати годишно, во интервали од најмногу 3 календарски месеци.

За 2013 година се планира да се остварат приходи во вредност од вкупно **4.113.500.000 денари,** од следните извори и видови на приходи:

1.Од **делот од акцизата од деривати од нафта** планирани се **1.583.000.000 денари,** врз основа на историски податоци.

2.Планираниот приход од **надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, изнесува 1.200.000.000 денари**. Овој приход е пресметан врз основа на бројот на регистрираните моторни и приклучни возила во 2012 година и висината на надоместокот што се плаќа при нивната регистрација, како и врз основа на стари долгови кои јавното претпријатие како правен наследник на Агенцијата за државни патишта очекува да ги добие во 2013 година по пат на присилна наплата (конто 765-Приходи од наплатени отпишани побарувања и конто и конто 770 приходи вез основа на камати од работењето со поврзани друштва). Исто така, се очекува раст на приходите по овој основ согласно последните измени и дополни на Законот за јавните патишта (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.168 од 27.12.2012 година).

Имено дел од овој приход ќе се поврати на Имателите на моторните и приклучните возила со кои се врши меѓународен сообраќај, согласно Член 7 од Одлуката за висината, начинот на плаќање, евиденција и контрола на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса). („Службен Весник на Р.Македонија" 81/08) со која се утврдува правото за враќање на уплатениот износ сразмерно на времето што моторното и приклучното возило го поминале надвор од Република Македонија. За овој одлив согласно историските податоци пресметан е одлив од 50.000.000 денари. Исто така согласно член 60, став 4 од Законот за јавните патишта, дел од овие средства се распределуваат на општините, односно на градот Скопје за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици согласно со годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици. Распределбата на средствата на општините, односно на градот Скопје го врши Јавното претпријатие врз основа на следниве критериуми: должината на општинските

патишта и улици, бројот на регистрирани возила во општината и бројот на жители во општината и површина на општината.За реализација на распределните средства општините, односно градот Скопје поднесуваат извештај до Јавното претпријатие. За овој одлив пресметан е одлив во износ од 300.000.000 денари.

Јавното претпријатие склучува договори за извршување на работи поврзани со надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила што сопствениците на моторните возила го плаќаат при регистрација на возилото со правните лица овластени за вршење технички преглед на возила. За извршените услуги претпријатието исплаќа одреден процент од пресметаниот износ на правните лица. За овој одлив планирани се 25.000.000 денари. По одбиените одливи согласно Законските одредби планираниот приход кој останува на ЈП за државни патишта по овој основ изнесува **825.000.000** денари.

3. Од **надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објектот на патот (патарина)**, се очекува приход во износ од **1.300.000.000 денари**. Вкупниот приход по овој основ пресметан е врз база на остварената фрекфенција на сообраќајот по видови и категории на возила во 2012 година и важечката Одлука за определување на висината на надоместокот за употреба на автопатските делници во Република Македонија.

4.Другите приходи се очекува да изнесуваат **180.000.000 денари**, а се планира да се остварат од пренесено салдо од 2012 година од денарската сметка на Агенцијата за државни патишта и од разни надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта и тоа:

а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
б) приклучување на пристапен пат на државен пат,
в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
д) прекумерно користење на пат,
ѓ) вонредниот превоз и
е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Македонија
6) заеми и кредити и

7) други приходи како на пример наплата на банкарски гаранции од изведувачи кои не ги почитуваат одредбите од договорите за изведба.

5.Врз основа на донации (приходно конто 767-приходи од премии, субвенции дотации и донации) се очекува приход од 225.500.000 денари и тоа од донација од Европска комисија за поставување на мерни инструменти за животна средина (E-Highway) како и кредити кои ќе се отплаќаат од страна на Министерството за финансии и тоа од: Европска Инвестициона Банка за Проектот за електронски систем за наплата на патарина и од Европска Инвестициона Банка за Техничка помош при имплементација на патни проекти долж Пан-Европскиот Коридор X (кредит кој се отплаќа од Министерството за финансии)

| Вид на приход | Вкупно за 2013 година-ЈП за државни патишта | Реализација 2012 година-Агенција за државни патишта |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | **4.113.500.000** | **3.516.519.806** |
| **Дел од акциза од нафтени деривати** | **1.583.000.000** | 1.235.000.000 |
| **Такси на користење или дозволи за вршење дејост** | **2.126.000.000** | **2.141.367.378** |
| Патарина | 1.300.000.000 | 1.151.282.634 |
| Регистрација | 825.000.000 | 990.055.184 |
| Надомест на штета сторена на пат или објект | 1.000.000 | 29.560 |
| **Други оперативни приходи-вонреден превоз, рекламни табли** | **179.000.000** | **140.152.428** |
| **Донации и кредити кои се отплаќаат од МФ** | **225.500.000** | - |
| Проект за електронски систем за наплата на патарини-ЕБОР | 200.000.000 | - |
| Консултантски услуги за КоридорХ-ЕИБ | 20.000.000 | - |
| Донации (E-Highway) | 5.500.000 | - |

## III.
## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2013 ГОДИНА

### III.1. Расходи за вработените

Во расходи за вработените спаѓаат трошоците за службени патувања (конто 440) во износ од 3.000.000 денари, трошоци за превоз на вработените од службата за наплата на патарина во износ од 8.000.000 денари, плати, надоместоци и отпремнини во износ од 158.000.000 (бруто плата, регрес за годишен одмор, надоместоци за вработени кои заминуваат во пензија и други надоместоци).Исто така тука се сместени и трошоци за надомест на членовите на управниот и надзорниот одбор на Јавното Претпријатие.

### III.2. Расходи за Комунални услуги, греење и комуникација

Во расходи за комунални услуги, греење и комуникација спаѓаат сите услуги кои за греење и комунални услги, фиксна и мобилна телефонија, интернет, нафта, пошта и брза пошта, како и комунални услуги на наплатните станици за патарина, потрошена електрична енергија на државните патишта и слично. За овие трошоци за 2013 година предвидени се 31.000.000 денари.

### III.3. Расходи за материјали и ситен инвентар

За овој тип на расходи планирани се 16.000.000 денари и тоа за: ХТЗ опрема за вработените на наплатните станици за патарина, расходи за ролни за фискални апарати, тонери, хартија, канцелариски материјал, печатени материјали и слични трошоци.

### III.4. Расходи за поправки и тековно одржување

За овој тип на расходи планирани се 29.500.000 денари за 2013 година и тоа за : одржување на згради и и објекти, Одржување на ПП централа, ПП апарати и

испитување на громобранска инсталација и заштито заземјување, сервисирање, репрограмирање и одржување на фискални печатари, компјутери, телефонска централа, софтвери на јавното претпријатие, одржување на агрегари, одржување на хигиена, одржување на лифтови и мотрони возила и други слични расходи

**III.5. Расходи за други договорни услуги, даноци и други оперативни расходи**

За овој тип на расходи предвидени се 81.000.000 денари и тоа пред се за услуги за обезбедување на наплатните станици за наплата на патарина, осигурување на вработени и имот, систематски преглед , консултантски услуги, данок на додадена вредност, данок на добивка и данок на имот и слични расходи.

**III.6. Расходи за отплата на камата кон нерезидентни кредитори**

Со оглед на тоа што ЈП за државни патишта ќе ги превземе обврските по однос на камата кон нерезидентни кредитори (Светска Банка, Европска Инвестициона Банка и Европска Банка за Обнова и Разовј) по веќе потпишаните договори, за овој расход во 2013 година планирани се 202.000.000 денари.

**III.7. Тековно и зимско одржување на патиштата**

За тековно и зимско одржување на патиштата, планирани се расходи во износ од 624.000.000 денари и ќе се реализираат преку Договор за услуги со ЈП "Македонија пат", согласно Законот за јавните патишта.

**III.8. Амортизација и Вредносно усогласување (обезвреднување) на патишта кои се рехабилитираат, реконтруираат и одржуваат (инвестициски)**

Амортизацијата ќе се пресметува на сите градежни објекти, постројки и опрема, алатот, канцелариskiот инвентар, комјутерска опрема вклучувајќи ги и софтверите, мебелот, транспортните уреди и средства, како и патишта кои спаѓаат во основни средства на ЈП за државни патишта. Исто така при рехабилитација, реконструкција и инвестициско одржување на патиштата потребно е да се изврши и вредносно усогласување (обезвреднување) на патиштата. За овие трошоци во 2013 година планирани се 2.200.000.000 денари.

| Вид на Расход | Вкупно за 2013 година-ЈП за државни патишта | реализација 2012-Агенција за државни патишта |
|---|---|---|
| **РАСХОДИ** | **3.352.500.000** | **1.253.805.340** |
| Административни трошоци за дирекција и служба за наплата на патарина и комунални услуги на патиштата | **326.500.000** | **263.327.440** |
| Плати, надоместоци и отпремнини | 156.000.000 | 58.105.577 |
| Патни и дневни расходи | 3.000.000 | 328.098 |
| Комунални услуги,греење,комуникација | 31.000.000 | 33.107.123 |
| Транспорт на вработени | 8.000.000 | - |
| Материјал и ситен инвентар | 16.000.000 | 3.810.065 |
| Поправки и тековно одржување | 29.500.000 | 9.976.616 |
| Други договорни услуги | 26.000.000 | 52.493.513 |
| Други тековни расходи | 3.000.000 | 105.506.448 |
| Даноци | 50.000.000 | - |
| Отплата на камата кон нерезидентни кредитори | **202.000.000** | **218.481.023** |
| Тековно одржување на патишта | **624.000.000** | **771.996.877** |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на патишта кои се рехабилитираат, реконструираат и одржуваат | **700.000.000** | 0 |
| Амортизација | 1.500.000.000 | 0 |

IV.

## ИНВЕСТИЦИИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2013 ГОДИНА

I.Јавното претпријатие во 2013 година ќе изврши инвестиции во износ од 3.770.940.000 ден и тоа за следните проекти .

1.За инвестиции од странски кредити предвидени се вкупно 1.822.500.000 денари и тоа финансирани од: Светска Банка 750.000.000 денари по Проектот за подобрување на постојната локална и регионална патна мрежа, од Европска Банка за обнова и развој 1.250.000.000 денари од кои 850.000.000 за по Проектот за подобрување на постојната локална и регионална патна мрежа, а 200.000.000 за Проектот за електронски систем за наплата на патарина , од Европска Инвестициона Банка 20.000.000 за консултантски услуги за доизградба на Коридор X- делница Демир Капија-Смоквица и од Европска комисија во форма на донација во износ од 5.500.000 денари за инсталирање на мерни инструменти за животна средина.

- По проектот за локални патишта финансиран од Светска Банка, за 2013 година се планира да се објават 2 тендера .Во првиот ќе бидат вклучени 23 локални патишта во 22 општини во Североисточниот, Источниот и Вардарскиот регион на Македонија во должина од 36,46 км, со проценета вредност од околу 4,7 милиони евра. Во вториот планиран тендер за 2013 година за рехабилитација на локалната патна мрежа се планира да се опфатат 30 локални патишта на целата територија на Република Македонија, со проценета вредност од околу 5,9 милиони евра. Исто така се планира да се доизградат сите локални патишта вклучени во претходните тендери од овој проект.
- Исто така преку проектот фиансиран од Светска Банка ќе се санираат свлечишта во Маврово ( Маврови анови) и кај детското одмаралиште во Пелистер.

- Преку проектот за локални патишта финансиран од ЕБОР, преку третиот тендер од оваа компонента ќе се реализираат 80 локални патишта во должина од 84,80 км, во 60 општини на целата територија на Република Македонија. Проценета вредност на овој Договор е околу 6 милони евра. Исто така се планира доизградба на регионалните делници Ангелци-Вељуса, Радовиш-Конче, Струга-Дебар и Кавадарци-Мушов Гроб,

како и распишување на тендер за рехабилитација на државниот пат А1, делница Велес-Катланово и Велес-Кадрифаково.

- Исто така преку ЕБОР во 2013 година ќе се финансира модернизацијата и поставување на елктронски систем за наплата на патарина долж Коридор Х.За овој проект во 2013 година се планирани 200.000.000 денари.

2. За сопствено учество во инвестиции со странски кредити предвидени се **327.060.000** денари. Овие средства воглавно го покриваат учеството на данок на додадена вредност во горенаведените проекти;

3. За инвестиции со сопствени средства предевидени се **875.500.000** денари кои ќе бидат искористени за продолжување на започнатите градежни работи, исплата на пренесени обврски од 2012 година и исплата за завршни работи и депозити за добро извршни работи во гарантен период, како и за тековни трошоци за изградба и рехабилитација на следните патни делници:

1.Катланово- Велес: За 2013 година за оваа делница планирано е да се потрошат средства за завршни работи и пренесени обврски од 2012 година. Градежните работи завршија на крајот на 2012 година.

2. Изведба на градежните работи на делницата Извор- Бошков Мост. Градежните работи се планира да завршат до јуни, 2013 година .

3. Изведба на градежни работи на делницата Сончев град во, при што градбата треба да започне по решавањето на експропријацијата.

4. Изведба на градежни работи на делницата Опае-Беланове-Станчиќ, при што градбата треба да започне по решавањето на експропријацијата.

5. Изведба на градежни работи на клучка Брвеница, при што градбата треба да започне по решавањето на експропријацијата.

5 Изведба на градежни работи на делницата Липково-Никуштак-Арачиново (во повеќе фази) .

6. Поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација, сигнализација на наплатни станици, свлечишта, рехабилитација на мостови и тунели, како и осветлување на клучки на државните патишта;

7. М6-Штип- Струмица (дел Сурдулица-Радичево) за завршни работи и пренесени обврски од 2012 година.

8. Изведба на градежни работи на Клучка на Обиколница на Скопје;

9. Изведба на градежни работи за поставување на надпатник на државен пат А1-Граница со Р. Грција.

10. Завршни работи и пренесени обврски на други делници( Кожув- Смрдлива Вода , Пласница и Џепиште);

4. За инвестиционо одржување пак предвидени се 170.000.000 денари, кои ќе се реализираат преку Договорот со ЈП Македонијапат, согласно Законот за јавните патишта;

5.За инфраструктурни проекти и надзор над градежните работи на погоре споменатите делници и проекти, предвидени се средства во износ од **388.080.000** денари. Оваа позиција ги опфаќа трошоците за изработка на физибилити студии, инфраструктурни проекти, студии за животна средина, основни проекти и други делови на инвестиционо –техничка документација, како и надзор на изградбата и одржувањето на гореспоменатите патишта, при што и надзорот на инвестициите финансирани од странски кредити се обезбедува од сопствените приходи на Јавното преторијатие. Од новите проектите ќе се реализираат следните:

- Изработка на проектна документација за изградба на магистрален (експресен) пат А3 делница Пештани - Граница со Р.Албанија;
- Изработка на основен проект за изградба на автопат А4 делница Штип – Радовиш
- Изработка на основен проект за изградба на автопат А4 делница Радовиш – Струмица

- Изработка на проектна документација за државен пат Р2133 делница Матејче – Липково
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на автопат А1 делница Миладиновци - Куманово (2 коловоза)
- Изработка на проектна документација за санација и рехабилитација на автопат А1 делница Неготино - Демир Капија
- Изработка на проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р2235 Делница Бунец Леуново – Никифорово
- Изработка на проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р2235 Делница Маврови Анови-С. Маврово
- Изработка на проектна документација за изградба на државен пат А4 делница Стенковец - Блаце од км 0+000 до км 2+000
- Изработка на проектна документација за мостовите: санација на мост на државен пат А2, делница Гостивар - Кичево (Стража), км 105+332 и изградба на мост на државен пат Р2342
- Изработка на елаборат за влијание врз животна средина за државен пат А1 делница Смоквица – Гевгелија
- Изработка на елаборат за влијание врз животна средина за изградба на државен пат Р2246 делница Гарски мост – Извор
- Изработка на проектна документација за осветлување на клучка Петровец на државниот пат А1
- Изработка на проектна документација за осветлување на државниот пат А1, делница ГП Богородица - Гевгелија

Исто така ќе се доработува проектна документација по веќе потпишани договори и распишани тендери и тоа:

- Израб. на техн. Документација на ниво на проект за Инфраструктура и Основен проект за делови од патот Градско – Прилеп
- Изработка на техн. докум. на ниво на проект за Инфраст. и Основен проект за маг. патен правец А3, Делница Охрид - Пештани, врска на А3 со Охрид (бензинска пумпа) и врска на А3 со Р1301 (Пештани)
- Изработка на техничка документација на ниво на основен и инфраструктурен проект за рехабилитација на патниот правец А3, делница Велес-Кадрифаково;

6.За експропријација на делниците кои се планираат за изградба во текот на 2013 година, планирани се **180.000.000** денари;

7.Во опрема и совтфер ЈП за државни патишта ќе инвестира во износ од **7.800.000** денари и тоа за набавка на конпјутерска и видео опрема за административната зграда и наплатните станици за патарина, дисплеи за наплатните станици, како и надградби на постојните софтвери за да одговорат на тековните законски измени.

V.

Оваа програма стапува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе почне да се применува по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

**УПРАВЕН ОДБОР НА Ј.П. ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

**-ПРЕТСЕДАТЕЛ-**